Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 44, 16 август 2010 година

август 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области: педагогија, образование на наставници и елементарно образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-77/7 од 29.6.2010 година, донесена на 28. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 29.6.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на два наставника во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје ***економски науки*** на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 22.6.2010 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатките: **д-р Марија Ацковска, д-р Неда Петроска-Ангеловска и Цветанка Танева**.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација за избор во звање насловен доцент ги предложи **д-р Марија Ацковска и д-р Неда Петроска-Ангеловска**.

Третата кандидатка, **Цветанка Танева -** дипломиран економист по бизнис администрација, согласно со Конкурост за избор во наставни и наставно-научни завања, не ги исполнува основните услови пропишани со Законот за високото образование, односно нема завршено трет циклус и не е доктор на науки. Според тоа, Рецензентската комисија, согласно со Законот, не е обврзана да изработи извештај за кандидатката Цветанка Танева.

Рецензентската комисија, врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатката **д-р Марија Ацковска**, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Ацковска** е родена на 27 октомври 1973 година во Скопје, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех.

Во јуни 1995 година ги завршува студиите на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид. Во декември 1999 година со темата *„Угостителството во функција на развој на туризмот во Република Македонија“* магистрира на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Во март 2007 година докторира на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со темата *„Туризмот и економскиот развој на Република Македонија“.*

Од септември 1997 година се вработува на Економскиот институт во Скопје, прво како помлад асистент-истражувач, па во 2000 година е избрана во повисоко звање асистент-истражувач, а од мај 2007 година е избрана во звањето научен соработник/доцент.

Во текот на своето работење учествува на повеќе научни собири, семинари, конференции и сл. Ангажирана е во изработка на голем број научни и апликативни проекти.

Од светските јазици се служи со англиски јазик, а има познавања и од германски и француски јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката **д-р Марија Ацковска** од изборот во звање асистент-истражувач до денес објавува значаен број научни трудови и статии во научни и стручни списанија или нив ги презентира на домашни и на меѓународни конференции и семинари. Исто така, учествува во изработката на научноистражувачки проекти во рамките на работната програма на Економскиот институт, но и надвор од него.

Од наставно-образовната дејност реализира наставна активност на додипломските и постдипломските студии на Економскиот институт во Скопје. Од летниот семестар во учебната 2009/2010 г. е професор на додипломските студии на насоката Бизнис логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

***а) Изработени и објавени трудови***

***Докторска дисертација:***

1. Туризмот и економскиот развој на Република Македонија, Економски институт - Скопје, март 2007.

***Книги:***

1. Туризмот и економскиот развој. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Економски институт, Скопје, 2009.
2. Политика за развој на туризмот, Центар за научноистражувачка работа, ФТУ - Охрид, 2005 (во коавторство со проф. д-р Никола Ацковски).
3. Економика и организација на туризмот и угостителството, Институт за истражување на туризмот. Охрид, 2003 (во коавторство со проф. д-р Никола Ацковски).

***Статии и реферати:***

1. Туризмот како алатка за економски локален развој. Зборник на трудови. Универзитет „Исмаил Кемал“, Валона, 2009.
2. ИПА како инструмент за финансирање на развојот на руралниот туризам во Република Македонија. Меѓународен симпозиум: Туризмот во 21 век. Факултет за туризам, Скопје, 2008.
3. Управување со ликвидноста на македонските претпријатија. Меѓународна конференција ИЦЕС 2008, Сараево, 2008.
4. Претприемништвото и иновативниот труд како критериум и фактор на развојот, Претприемништво, иновација и конкурентност. Агенција за промовирање на претприемништвото, Факултет за бизнис економија - Тетово, Економски институт, Скопје, 2008.
5. Методи за мерење на економските ефекти од туризмот, Економски развој, год. 10, бр.1, Економски институт, Скопје, 2008.
6. Евалуација на туристичката понуда на Република Македонија, Економски развој, год. 9, бр.3, Економски институт, Скопје, 2007.
7. 7. Можности за развој на туризмот во велешкиот регион, Економски развој, год. 7, бр. 1, 2, 3, Економски институт, Скопје, 2005.
8. Туризмот во функција на локален економски развој, Зборник на трудови од Меѓународната конференција на тема „Туристичката наука и предизвиците на 21 век”, Економски универзитет во Варна, 2005.
9. Влијанието на туризмот врз вработувањето и намалувањето на сиромаштијата - примерот на Македонија, Зборник на трудови од Меѓународната конференција на тема „Современи трендови во туризмот”, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, 2005.
10. Улогата и значењето на малите претпријатија од туристичкиот сектор за македонската економија Зборник на трудови од Меѓународната конференција на тема „Современи трендови во туризмот“, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, 2005.
11. Туризмот како алатка за локален економски развој во Република Македонија, Зборник на трудови од Меѓународната конференција на тема „Современи трендови во туризмот“, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, 2005.

12. Странските директни инвестиции во македонскиот туризам, Економски развој бр. 1, 2, 3. Економски институт - Скопје, Скопје 2004.
13. Можности и перспективи за развој на бањскиот туризам во струмичкиот регион, во „Стопански и регионален економски развој, семејни бизниси и здружување“. Економски институт - Скопје, Здружение за одржлив развој и фондација „Фридрих Еберт“, Канцеларија Скопје, Скопје, 2003.
14. Некои согледувања во прилог на подобрување на конкурентноста на македонската економија, во „Конкурентноста на економијата на Република Македонија”. Здружение за одржлив развој, Министерство за економија и ГТЗ-проект за поддршка на приватниот сектор. Фондација „Фридрих Еберт“ Канцеларија-Скопје, Скопје, 2003.
15. Карактеристики на меѓународниот туризам, Економски развој бр. 2-3 том 1. Економски институт - Скопје, Скопје, 2002.
16. Сместувачките угостителски капацитети во Република Македонија, Економски развој бр. 1, Економски институт - Скопје, Скопје, 2002.
17. Улогата и значењето на малите угостителско-туристички претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија, во „Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија“, Економски институт-Скопје, Скопје, 2002.
18. Малите претпријатија од туристичкиот сектор како генератори на нови работни места, во „Партиципацијата и кризата во македонската економија”, Фондација „Фридрих Еберт“ - Канцеларија Скопје и Економски институт - Скопје, Скопје, 2002.
19. Ефектите од воените дејствија во Република Македонија врз македонскиот туризам, во „Партиципацијата и кризата во македонската економија“, фондација „Фридрих Еберт“, Канцеларија Скопје и Економски институт - Скопје, Скопје, 2002.

***б) Учество во научноистражувачки проекти***

1. Креирање на одржлив модел на ТИЦ во Република Македонија, Проект на СНВ (Холандска развојна агенција), 2009.
2. Научноистражувачка соработка и мрежно поврзување меѓу Австрија и земјите на Југоисточна Европа, Проект на АСО-Виена, 2005-2006.
3. Експанзијата на извозот во Република Македонија во функција на развојот, со сепаратот: Ефектите од „невидливиот извоз“ од туризмот во Република Македонија во функција на интензивирање на економскиот развој на земјата. Проект на Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2003-2006.
4. Интегриран развој на општините Велес и Богомила врз база на социјална процена на потребите за култура и туризам, Проект на Светска банка, 2004
5. Интегриран развој на општините Крушево и Демир Хисар врз база на социјална процена на потребите за култура и туризам, Проект на Светска банка, 2004.
6. Либерализација на услугите, со сепаратот: Туризмот и туристичките услуги во Република Македонија, проект на ОЕЦД, 2003.
7. Менаџерска економија и финансиски менаџмент во единиците на локалната самоуправа, проект на УНДП, 2002-2003.
8. Странските директни инвестиции во Република Македонија, со сепаратот: Странските директни инвестиции во туристичкиот сектор на Република Македонија, Економски институт, 2001-2003.
9. Конкурентноста на македонското стопанство како предуслов за влез на пазарот на Европската унија, со сепаратот: Конкурентската способност на туристичкиот сектор во Република Македонија, Економски институт, 2000-2003.

***в) Наставна активност***

***Професор на постдипломските студии на Економски институт - Скопје:***

1. Меѓународна економија на предметот: Меѓународна трговија и Глобална економија.
2. Меѓународен менаџмент на предметот: Инвестиции и трансфер на технологии.
3. Претприемништво на предметот: Економика на претпријатија.
4. Агробизнис на предметот: Меѓународна трговија.

***Професор на додипломските студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитеот „Гоце Делчев“ во Штип (летен семестар во учебната 2009/2010):***

1. Бизнис логистика по предметот: Економика на претпријатија.

***г) Учество на конференции, научни собири и работилници:***

1. Меѓународна конференција: ИЦЕС-2008, Сараево 2008.
2. Научен собир: Претприемништво, иновација и конкурентност. Агенција за промовирање на претприемништвото, Факултет за бизнис економија - Тетово, Економски институт, Скопје, 2008.
3. Семинар на тема: Претприемништво, иновации и конкурентност. Економски институт - Скопје, УЈЕ Тетово - Факултет за бизнис економија и Агенција за развој на претприемништвото. Скопје 2008.
4. Национална конференција: Регионален развој и меѓуопштинска соработка. Министерство за локална самоуправа и УНДП, Скопје, 2006.
5. Меѓународна конференција на тема „Туристичката наука и предизвиците на 21 век“. Економски факултет, Варна, 2005.
6. Тренинг-семинар: Регионална интеграција и развој на метрополите на земјите од ЈИЕ, Универзитетот од Тесалија - департментот за планирање и регионален развој, Волос, 2005.
7. Меѓународна конференција на тема „Современи трендови во туризмот“, ФТУ - Охрид, 2005.
8. Семинар на тема „Меѓународни финансиски операции“, Банк академие и Центар за банкарство и финансии, Скопје, 2004.
9. Семинар на тема „Управување со обврските“, Банк академие и Центар за банкарство и финансии, Скопје, 2004.
10. Работилница на тема „Поврзување за регионален економски развој“, ИНВЕНТ, Скопје, 2004.
11. Учество на работилница на тема „Стратешко планирање“, во улога на консултант на локалниот тим за економски развој на општините Крушево и Демир Хисар, во организација на Светската банка, Охрид, 2004.
12. Учество на националната конференција „Локален економски развој“, како воведничар и координатор на Панелот за туризам, во организација на ЛГРП и УСАИД, Скопје, 2003.
13. Учество на научниот собир „Перспективите на стопанскиот развој на Република Македонија“ со рефератот „Перспективи за развој на туризмот и угостителството во Република Македонија“, во организација на Здружението за одржлив развој и фондацијата „Фридрих Еберт“, Канцеларија-Скопје, Скопје 2002.

## ЗАК.ЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката **д-р Марија Ацковска** ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да биде избрана за насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката има наставно искуство, има објавено завиден број научни трудови и има реализирано повеќе проекти од областа на економијата и туризмот.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да ја избере д-р Марија Ацковска за насловен доцент по наставно-научното подрачје - економски науки** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Нако Ташков, с.р.**
**Доц. д-р Круме Николовски, с.р.**
**Доц. д-р Никола Димитров, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Ацковска, насловен доцент, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 2*15 | | 30 |
| 2. | Интерна скрипта од предавања | 4*4 | | 16 |
| 3. | Ментор на одбранета магистерска работа | 1*3 | | 3 |
| 2. | Член на комисија за одбрана на докторат | 9*2 | | 18 |
| 3. | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | 17*1 | | 17 |
| 4. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра за изборниот период)<br>- часови<br>- предмети | 12*1.5 | | 18 |
| | | 6*1 | | 8 |
| 5. | Одржани консултации на постдипломски студии по одржан курс | 5*1.5 | | 7.5 |
| | **Вкупно:** | **117.5** | | |
| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| 1. | Научна книга | 1*10 | | 10 |
| 2. | Дел од научна книга | 1*6 | | 6 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 11*1,5 | 1*2 | 18,5 |
| 4. | Одбранета докторска теза | 8 | | 8 |
| 5. | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| 6. | Учесник во научен проект | 3*2 | | 6 |
| | **Вкупно:** | **52,5** | | |
| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА+ОР)** | | | | |
| 1. | Труд во научно списание | 7*2 | 1*3 | 17 |
| 2. | Труд објавен во зборник на трудови од стручен собир | 4*2 | | 8 |
| 3 | Учесник во научен проект | 3*5 | | 15 |
| | **Вкупно:** | **40** | | |
| | **Вкупно:** | **210** | | |